**20251012229**

# СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија издаваат

## УКАЗ ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ГРОБИШТА И ПОГРЕБАЛНИ УСЛУГИ

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за гробишта и погребални услуги,

што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 14 мај 2025 година.

Бр. 08-2802/1
14 мај 2025 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Гордана Сиљановска-Давкова,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Северна Македонија,
**Африм Гаши,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ГРОБИШТА И ПОГРЕБАЛНИ УСЛУГИ

Член 1

Во Законот за гробишта и погребални услуги („Службен весник на Република Македонија“ број 86/2008, 156/10, 53/11, 163/13, 152/15 и 31/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 255/24) во член 16 ставот (1) се менува и гласи:

„Органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на комуналните работи по службена должност врши редовна контрола, а најмалку двапати годишно над сите дозволи за управување со гробишта, дали управителите на гробишта ги исполнуваат сите услови врз основа на кои им е издадена дозволата. Ако се утврди дека управителот на гробиштата престанал да исполнува некои од условите од членот 15 став (1) од овој закон, органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на комуналните работи ќе го извести управителот на гробиштата истите да ги отстрани во рок не подолг од 30 дена од денот на известувањето.“.

Ставот (4) се менува и гласи:

„Дозволата се одзема со решение на органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на комуналните работи, против кое може да се изјави жалба во рок од осум дена од денот на приемот на решението, до Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен. Жалбата не го одлага извршувањето на решението.“.

Ставот (5) се менува и гласи:

„Правното лице чијашто дозвола е одземена, е должно истата да ја врати веднаш, а најдоцна во рок од осум дена од денот на приемот на решението за одземање на дозволата, на органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на комуналните работи.“.

Во ставот (6) зборовите: „Правосилното решение“ се заменуваат со зборот „Решението“, а зборовите: „правосилното решение“ се заменуваат со зборот „решението“.

Член 2

Во член 21 во ставот (6) зборовите: „да поведе управен спор пред Управниот суд“ се заменуваат со зборовите: „да изјави жалба во рок од осум дена од денот на приемот на решението, до Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен.“.

Ставот (7) се менува и гласи:

„Органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на комуналните работи по службена должност врши редовна контрола, а најмалку двапати годишно над сите дозволи за вршење погребални услуги, дали лицата кои се стекнале со дозвола за вршење погребални услуги ги исполнуваат сите услови врз основа на кои им е издадена дозволата. Операторот на погребални услуги мора во секое време да ги исполнува условите од ставот (1) на овој член, во спротивно неисполнувањето на кој било од условите на ставот (1) од овој член претставува основа за одземање на дозволата за вршење погребални услуги.“.

Во ставот (9) зборовите: „поведе управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на приемот на решението за одземање на дозволата“ се заменуваат со зборовите: „изјави жалба во рок од осум дена од денот на приемот на решението, до Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен. Жалбата не го одлага извршувањето на решението.“.

Ставот (10) се менува и гласи:

„Физичкото или правното лице чијашто дозвола е одземена е должно да ја врати истата на органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на комуналните работи веднаш, а најдоцна во рок од осум дена од денот на приемот на решението за одземање на дозволата.“.

Во ставот (11) зборовите: „Правосилното решение“ се заменуваат со зборот „Решението“, а зборовите: „правосилното решение“ се заменуваат со зборот „решението“.

Член 3

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.